# ГЛАВА 1 – ВОВЕД

## 1. Вовед

Европската унија претставува ентитет којшто, долгорочно гледано, има интенција да ги припои сите европски држави „под еден чадор". За практична реализација на оваа идеја е потребно подготвување на државите коишто експлицитно декларирале желба да станат членки на Европската унија, со цел нивно успешно кооптирање и интегрирање во заедничките системи и процедури на одлучување и функционирање на државите, коишто тековно се нејзини членки. За таа цел, Европската унија иницираше неколку процеси и партнерства за стабилизација и асоцијација, коишто претставуваат предворје и практична подготовка за сите држави коишто имаат аспирации за членство во Европската унија. Спогодбите коишто ги склучува Европската заедница и нејзините држави членки со државите кандидати, или државите потенцијални кандидати за влез во Унијата се елементарна договорно-правна рамка за нивните заемни релации. Мешовитиот карактер на овие договори и мултидимензионалниот контракторен пристап којшто е инкорпориран во нив, укажува на нивната сигнификантност и сеопфатност.

На крајот од деведесеттите години на минатиот век, Европската унија иницираше модел на интегрирање на т.н. Западен Балкан и негово вклучување во евроинтеграциските текови. Западниот Балкан како географско-политичка детерминанта ги инкорпорира државите коишто беа дел од поранешната југословенска федерација (Македонија, Србија, Хрватска, Црна Гора, Босна и Херцеговина и Косово како посебен ентитет, согласно Резолуцијата 1244 на Советот за безбедност на Обединетите нации), изземајќи ја Словенија како членка на Европската унија, а вклучувајќи ја Албанија, заради нејзината територијална позиционираност и нејзините општествено-политички перформанси. Овој модел беше надграден со други иницијативи со коишто се збогати самиот претпристапен процес на овие држави. Имено, на Самитот на Европската унија во Солун во 2003 година беа етаблирани европските партнерства како нов инструмент за апроксимација на државите аспиранти за членство во Европската унија, со што се збогати и надгради политиката на проширување на Европската унија со нови претпристапни инструменти, кои со

својата сеопфатност и мултидимензионалност дадоа нов евроинтеграциски стимул и контрибуираа за зголемување на „европската перспектива“ на т.н. Западен Балкан.

Пристапувањето кон Европската унија претставува еден од стратешките приоритети за сите држави кои претендираат да станат нејзини членки, а особено за оние држави коишто се кандидати или потенцијални кандидати за членство. Сепак, желбите и преференциите за членство во Европската унија се едно, а фактичките можности и реалните капацитети за тоа, се нешто сосем друго. На патот до Европската унија, неопходно е Албанија, Македонија, Србија, Црна Гора, Хрватска, Босна и Херцеговина и Косово да исполнат голем број на стандарди и критериуми, коишто се етаблирани како conditio sine qua non за влез во Европската унија. Овие критериуми (копенхагенски, мадридски) содржат различни барања за реформи на државите кандидати и потенцијални кандидати во повеќе општествени сегменти: јавна администрација, државна администрација, економија, судство, обвинителство, институционална структура, легислативни процеси итн. Единствено преку комплементарен пристап во исполнувањето на реформските активности во државите вклучени во процесот за стабилизација и асоцијација, може да се постигнат опипливи ефекти и да се изврши конкретна институционална и функционална апроксимација до вредностите и работните практики и активности на Европската унија и нејзините држави членки, како и да се креира менталитет компатибилен на „европскиот".

Најновиот претпристапен инструмент ИПА генерираше многу бенефиции, но и конкретни облигации и предизвици, за државите кои се нејзини корисници, а всушност, се кандидати и потенцијални кандидати за членство во Европската унија. Прекуграничната соработка, нумерирана како втора компонента на ИПА, е „испит“ sui generis за способноста и капацитетот на државите од Западниот Балкан да соработуваат меѓу себе, да ги споделуваат проблемите, да ги решаваат прашањата кои се иманентни за регионот, а имаат полидимензионален карактер. Оваа компонента на ИПА може да биде искористена како инструмент за инкрементално апроксимирање на соседните држави од Западниот Балкан, коишто се соочени со комплексни билатерални проблеми, претежно еманирани од разни рецидиви од минатото. Таквите проблеми се доста суптилни и чувствителни, и не можат да бидат решени со

преземање на парцијални и палијативни мерки, туку со конзистентен добрососедски пристап, унифицирано дејство на државите од регионот на Западниот Балкан, а поддржани од страна на Европската унија преку програмска, ескпертска, и пред сé, финансиска реверзибилна помош. Егалитарноста при редистрибуцијата на средствата и користењето на програмите и балансираниот пристап којшто го практикува Европската унија, во поглед на државите кандидати и потенцијални кандидати за членство, гарантира целисходност и унифицираност при ефектуацијата на прекуграничната соработка, како втора компонента од ИПА-финансискиот инструмент на Европската унија.

Влијанието на претпристапните инструменти врз содржината на прекуграничната соработка на Република Македонија е несомнено големо и афирмативно. Не само што овие инструменти и средства, кои се директно трансферирани од Европската унија, се есенцијални за нормалното одвивање на прекуграничните активности на државата, туку нивното отсуство или инсуфисиенција, би продуцирало и „парализа“ на сите прекугранични активности и крахирање на втората компонента на ИПА-програмата. Причините за ова тврдење се лоцирани во економската инфериорност на државите кандидати и потенцијални кандидати за членство во Европската унија, вклучително и на Република Македонија, кои реално немаат можност да ги алиментираат елементарните потреби на сопствените граѓани, а да не зборуваме за издвојување на буџетски средства за прекугранични и меѓусоседски иницијативи. Тоа значи, дека без финансиска поткрепа од претпристапните фондови на Европската унија, прекуграничната соработка би останала само номинална и декларативна заложба без конкретна реализација, т.е. можеме да констатираме дека, не само што овие фондови се катализатори на прекуграничните активности, туку и витални елементи при нивната реализација.

Компаративната анализа на претпристапните инструменти на Европската унија, како и паралелната анализа на примената на одредбите коишто произлегуваат од нив во Албанија, Македонија, Србија, Хрватска, Црна Гора, Босна и Херцеговина и Косово, ќе помогне при конструирањето на заеднички и унифициран модел којшто би го фацилитирал нивното пристапување кон Европската унија, но и при вградувањето на позитивните елементи и

отстранувањето на негативните елементи, од искористувањето и исполнувањето на одредбите од претпристапните партнерства и инструменти на секоја држава поединечно, а особено на оние што се однесуваат на прекуграничната соработка.

Секако дека за ефективно, ефикасно и квалитетно искористување на претпристапните инструменти на Европската унија, неопходни се стабилни, цврсти и демократски институции во државите кандидати и потенцијални кандидати за членство, кои се кадарни унисоно да спроведуваат конзистентни, прогресивни и реално поставени политики, поврзани со процесот на пристапувањето на нивните држави во Европската унија. Иако евалуацијата на сите реформски процеси во државите вклучени во процесот за стабилизација и асоцијација од страна на Европската унија, се одвива на индивидуална основа, сепак, регионалниот пристап и групната анализа на склучените европски партнерства и реформските процеси во државите кандидати и државите потенцијални кандидати за членство во Европската унија, може да продуцираат голем број на полезни информации и сознанија коишто не се достапни, ако се прави индивидуална анализа за секоја држава посебно.

Преку анализата на европските партнерства и инструменти во државите коишто се вклучени во процесот за стабилизација и асоцијација во Европската унија и реформите кои континуирано се одвиваат во нивни рамки, со оваа дисертација ќе може да се востановат карактерот и интензитетот на влијанието коешто тие непосредно или посредно го манифестираат врз процесот на пристапување на овие држави кон Унијата, а секако, ќе се востанови и влијанието на овие инструменти врз квалитетот и динамиката на прекуграничната соработка на Република Македонија.

Во глава 1, ќе биде направен осврт на предметот, целите и методите на истражување кои ќе бидат употребени во оваа дисертација, ќе биде образложена неопходноста од анализирањето на европските партнерства и инструменти во државите вклучени во процесот за стабилизација и асоцијација, ќе биде утврдено влијанието на овие претпристапни инструменти врз прекуграничната соработка на Република Македонија, ќе бидат елаборирани методите коишто ќе се користат во истражувачкиот процес, резултатите кои се очекува да бидат добиени како продукт, т.е. output од истражувањето.

Во глава 2, ќе биде објаснета суштината на процесот за стабилизација и асоцијација како инструмент за интеграција на т.н. Западен Балкан во Европската унија, ќе биде даден осврт на неговиот историски развој, а ќе биде анализирано и неговото влијание врз политиката на проширување на Европската унија. Исто така, ќе биде утврдено на кој начин овој процес придонесува за подобра институционална структурираност во државите коишто се дел од него. Воедно, ќе биде направен детален осврт врз европските претпристапни партнерства и инструменти, нивното практично имплементирање во државите од т.н. Западен Балкан, а ќе биде анализирано и нивното влијание врз прекуграничната соработка на Република Македонија.

Во глава 3, преку анализирањето на европските претпристапни партнерства и инструменти во однос на Хрватска, Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Албанија и Косово, ќе биде скенирана моменталната состојба, ќе биде утврдено влијанието на овие претпристапни инструменти врз процесот на пристапување на државите од Западниот Балкан во Европската унија, а ќе биде анализирана и прекуграничната соработка на овие држави со Република Македонија.

Во глава 4, ќе биде направена темелна анализа на европските претпристапни партнерства и инструменти во однос на Република Македонија, ќе биде согледана моменталната состојба, ќе биде утврдено влијанието на овие претпристапни инструменти врз процесот на пристапување на Република Македонија во Европската унија, а ќе биде анализирана и прекуграничната соработка на Република Македонија со Република Бугарија и со Република Грција, како нејзини соседи, членки на Европската унија.

Во глава 5, ќе бидат анализирани и презентирани резултатите од емпириските истражувања во дисертацијата, ќе бидат објаснети техниките и методите кои беа користени при подготовката, реализацијата и сумирањето на резултатите од истражувањето, а ќе биде направен осврт и врз можните недостатоци на истражувањето и ќе бидат наведени препораките за идни истражувања во оваа област.

Во глава 6, ќе бидат изведени заклучоците од целокупното истражување, ќе бидат потврдени или отфрлени поставените хипотези, и ќе бидат согледани можностите за идни продлабочувања и иновирања на истражувањата што се однесуваат на прекуграничната соработка на Република Македонија и на